## Зошто „Алкалоид“?

Затоа што сме една од водечките фармацевтски компании во регионот, која постојано тежнее кон супериорен квалитет на производите, како и кон висока професионалност и континуиран успех. Постојано инвестираме во својот сон за поздрав живот на секој поединец затоа што веруваме дека **ЗДРАВЈЕТО Е ПРЕД СÈ!**




# ПРИКЛУЧЕТЕ СЕ КОН НАШИОТ ТИМ!

## Позиција: Проектен координатор
## Оддел: Фармација – Проектен менаџмент

Доколку сакате да бидете дел од тимот на Проектен менаџмент (Фармација) во модерна фармацевтска компанија која од секој аспект води грижа за своите вработени и доколку ги поседувате потребните квалификации, ПРИЈАВЕТЕ СЕ!

## Како ќе ве препознаеме?

- Имате завршено високо образование од областа на природните или на општествените науки: Фармацевтски, Стоматолошки, Медицински, Филозофски, Економски, Правен факултет или ФЕИТ.
- Имате искуство со менаџирање/координирање проекти и/или искуство во фармацевтската индустрија.
- Се одликувате со аналитичност, проактивност, одговорност и со особена грижа спрема детали и спрема почитување рокови.
- Имате развиени вербални и писмени комуникациски вештини и ориентација спрема тимска работа.
- Имате развиени презентациски вештини.
- Имате одлично познавање на пакетот MS Office.
- Имате искуство со обработка и со анализа на податоци
- Се одликувате со желба и со вештини за брзо учење.
- Имате одлично познавање на англискиот јазик.

## Цели и одговорности на работното место

- Координација на стандардни проекти во доменот на фармацијата (низ сите фази: иницијација, планирање, изведба, контрола и затворање)
- Планирање на проектите во согласност со бизнис-потребите и со барањата на индустријата
- Континуирано следење (мониторирање) на статусот на проектните активности за да се осигуриме дека проектот се движи во зададената насока
- Организирање и учество на состаноци поврзани со проектите
- Креирање и одржување разбирлива проектна документација
- Учество во процесот на управување со предизвици, промени и со одлуки за време на траењето на проектот
- Учество во процесот на идентификација и на менаџирање ризици во проектите
- Изработка и дистрибуција на редовни извештаи за статусот на проектите до менаџментот
- Изработка и презентација на анализи поврзани со проектите и со работењето во Одделот
- Секојдневна комуникација и соработка со проектните тимови
- Учество во активностите за подобрување на интерните процеси во Одделот
- Одговорност спрема доверливоста и спрема безбедноста на информациите со кои располага Одделот
- Почитување на правилата на бизнис-етиката прифатена од компанијата

## Што нудиме?

- Можности за континуиран професионален и личен раст и развој
- Компетитивни месечни приходи
- Дополнителни награди и придобивки во зависност од остварените цели
- Приватно здравствено осигурување
- Бенефиции за децата на вработените

**АПЛИЦИРАЈТЕ** на следниот линк: https://career.alkaloid.com.mk/career_opportunities/details/64

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
Здравјето пред сè